**ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА**

KOLEGJI "BIZNESI"
Nr. 484/20 Data 14.12.2020
PRISHTINË

Склучен помеѓу:

1. **„Универзитет за Туризам и Меаџмент“** Скопје, Република Северна Македонија, со седиште на ул. „Партизански одреди 99 во Скопје, претставувана од ректорот, **проф. д-р Миленковски Аце** и

2. **,, Колеџи Бизниси,,** – Приштина, Република Косово, со седиште на ул. „Мотрат Кирјази“, бр.29, Приштина, застапуван од деканот, **проф.д-р Шикери Кабаши**

**Предмет на договорот**

*Член 1*

Со овој договор двете страни воспоставуваат и организираат меѓусебна соработка во областа на високото образование и научно истражувачката дејност.

**Цели на соработка**

*Член 2*

Двете страни воспоставуваат меѓусебна соработка за поврзување на двете институции во склад со своите основни дејности и нивниот иден развој.

Двете договарачки страни од овој договор ќе ја развиваат соработката во утврдени области од заемен интерес на основа на еднаквост и взаемна корист во склад со овој договор и државното законодавство надвете земји.

**Соработка во областа на образовната дејност**

*Член 3*

Соработка во областа на образовната дејност се остварува на следниов начин:

- Размена на наставници и соработници за остварување на програмата на прв и втор циклус на студии;
- Размена на студенти на прв и втор циклус на студии;
- Размена на студенти за остварување на студентска пракса;

- Развој на наставни планови и програми, самостојно или со учество на партнер од регионот и/или меѓународната заедница;
- Размена на знаења, искуства, наставни планови и програми, научни бази на податоци, литература и слично.

**Соработка во областа на научно-истражувачката дејност**

*Член 4*

Соработката во областа на научно - истражувачката дејност се остварува на следниот начин:

- Организирање на заеднички научно-истражувачки проекти;
- Размена на научни бази на податоци, информации и книги и други публикации;
- Заедничка организација на регионални и меѓународни конференции, семинари, работиници и слично;
- Други облици на научно истражувачка соработка на основа на заеднички договор.

**План на соработка**

*Член 5*

Двете страни со годишен план ќе ги утврдат активностите поврзани со остварување на соработка дефинирана во овој договор.

**Анекс на договор**

*Член 6*

Поединечни активности од член 3 и член 4 од оовој договор, по потреба ќе бидат регулирани со анекс на договорот.

**Рок, измени и дополнувања на договорот**

*Член 7*

Договорот за соработка се случува на неопределено време.

Страните учесници во овој договор можат по писмен пат да го откажат договорот. Договорот ќе пресетане да важи во рок од три месеци од денот на приемот на писмено известување за прекинување на договорот.

*Член 8*

Секоја страна може да предложи измена на договорот која ќе се врши на начин на којшто е склучен договорот.

*Член 9*

Измени и дополнувања на овој договор или престанок на неговото важење не можат да влијаат на реализација на заеднички проекти кои веќе се остваруваат во согласност со овој договор, а не се реализирани до моментот на донесување на такви измени или дополнувања, или до престанок на важење на овој договор.

**Стапување на сила на договорот**

*Член 10*

Договорот стапува на сила на денот на потпишување на истиот.

*Член 11*

Договорот е составен во шест исти примероци на бугарски и македонски јазик од кој по три примероци за секоја страна.

11. 05. 2020 год

| | |
|---|---|
| **Универзитет за Туризам и Менаџмент Скопје** | **Колеџи Бизниси – Приштина,** |
| Ректор: | Декан: |
| **Проф. д-р Миленковски Аце** | **проф.д-р. Шикери Кабаши** |